УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

**ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА И АРХЕОЛОГИЈА**

**при Факултетот за образовни науки**

***на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип***

# ПРВА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА И АРХЕОЛОГИЈА

## КНИГА СО АПСТРАКТИ

# МАКЕДОНИЈА КРСТОПАТ НА ЕПОХИ, ЦИВИЛИЗАЦИИ И КУЛТУРИ

**Штип, 23 ноември 2023**

**Штип 23.11.2023**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА И АРХЕОЛОГИЈА**

***при Факултетот на образовни науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип***

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

93/94(497.7) (062)
902/904(497.7) (062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција на институтот за историја и археологија, при Факултетот на образовни науки, универзитет Гоце Делчев – Штип (1; 2023; Штип)

Прва меѓународна научна конференција на Институтот за историја и археологија: книга со апстракти / [уредници Трајче Нацев ... и др.]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Институт за Историја и Археологија, 2023. - 35 стр.: илустр.; 24 см

Други уредници: Стојко Стојков, Верица Јосимовска, Љубен Тевдовски, Оливер Цацков

ISBN 978-608-277-010-9

а) Историја -- Македонија -- Собири -- Апстракти б) Археологија -- Македонија -- Собири -- Апстракти

COBISS.MK-ID 62313989

**ПРВА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА И АРХЕОЛОГИЈА, ПРИ ФАКУЛТЕТОТ НА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП,**

***(Факултет за образовни науки, Штип 23.11.2023 г.)***

# МАКЕДОНИЈА КРСТОПАТ НА ЕПОХИ, ЦИВИЛИЗАЦИИ И КУЛТУРИ

## КНИГА СО АПСТРАКТИ

***Штип***

***2023***

**Четврток, 23 ноември 2023 г.**

**Штип, Факултет за образовни науки**

10.00 Регистрација на учесниците во конференцијата

11.00 Отворање на конференцијата

11.30 Коктел

12.00 Почеток на сесиите

**<u>Сала број 1.</u>**

**ПРВА СЕСИЈА (Сала број 1, 12.00 – 13.30)**

*Модератор проф. д-р Бошко Ангелов*

1. Академик Вера Битракова – Грозданова, МАНУ, *За епиклезите на богот Ѕевс во Горна Македонија*.

2. Илинка Атанасова, НУ Археолошки музеј на Македонија-Скопје, *Жртвеници и ритуални масички од Спанчево, материјал, технологија, функција и контекст*.

3. Проф. Љубен Тевдовски, Институт за историја и археологија при Факултет за образовни науки УГД Штип, *Европските сојузници на Троја и лиминалната зона на идентитетот на Архајска и Класична Грција*

4. Јулијана Иванова, музеј Виница, Накит од железно време време во Виничко.

5. Благица Стојанова и м-р Јовица Илиев, Музеј Виница, *Некрополата Русалински гробишта кај село Виничка Кршла*.

6. м-р Васил Ѓоргиев-Ликин, ЗЗСКМ - Струмица, *Прилог кон убикацијата на античкиот град Добер*.

7. Душко Темелкоски, НУ ЗЗСПКМ Прилеп, *Пелагонија – тромеѓе на Пајонија, Македонија и Илирија*.

*13.15 – 13.30 Дискусија*

**13.30 – 13.45 – пауза**

**ВТОРА СЕСИЈА (сала бр. 1, 13.45 – 15.15)**

*Модератор: проф. д-р Љубен Тевдовски*

1. Проф. д-р Снежана Филипова ФФ УКИМ, *Реликвијари во облик на маска на женски светици.*

2. д-р Александра Николоска, *Центар за култура Цветан Грозданов при МАНУ, Почесни римски статуи од Стоби.*

3. Проф. д-р Бошко Ангеловски, м-р Магдалена Манаскова, Благица Стојанова, Јулијана Иванова, *Погребувања со кремација од археолошкиот локалитет Гробана – Виница.*

***4.*** д-р Светла Петрова – Динева, Антон Ковачев, *Particopolis – the early christian episcopal center in the middle Struma valley*

5. д-р Душко Цвтеанов, м-р Симона Јованова НУ ЗЗСКМ Струмица и проф. д-р Трајче Нацев, УГД – Штип, *Рановизантиска набљудателна (стражарска) кула „Пирго-Каљ'ната"с. Мокриево – Струмичко.*

6. д-р Веселин Хаджиангелов, Десет години от съживяването на археологически обект „Цари Мали град" при с. Белчин.

7. Проф.д-р Трајче Нацев, Емил Сламков, д-р Душко Цветанов, *Пропигнејум - префурниуми и фурниуми кај римските, доцноантичките и средновековни бањи во Р. Македонија.*

*15.00 – 15.15 Дискусија*

**15.15 – 15.30 пауза**

**ТРЕТА СЕСИЈА (сала бр. 1, 15.30 – 17.00)**

*Модератор: проф. д-р Тодор Чепреганов*

1. Алексей М. Пентковский, *Славянская епископия на Брегальнице в нач. X в.*, Институт русского языка РАН, Московская духовная академия.

2. Проф. д-р Тони Филипоски Институт за историја Филозофски Факултет УКИМ, *Скупи и околината во контекст на продорите и населувањето на Словените во Македонија (VI-VII век).*

3. Проф д-р Стојко Стојков, *Анализа на хипотезата за постоење на континуирана / константна алтернативна империјална заедница на Балканот (X – XIV в.)*

4. Проф. д-р Сашо Цветковски, доп. Член при МАНУ, *Претставите на персиските маченици Св. Савел, Св. Мануил и Св. Исмаил во фрескоживописот на манастирот „Трескавец.*

5. Иван Нацевски, Македонско Грбословно Друштво, *Александар Македонски во европската хералдика*.

6. м-р Христијан Цветковски, *Прилог кон проучувањето на баштината и раната историја на Кастриотите во Западна Македонија*

*16.45 – 17.00 Дискусија*

**<u>Сала број 2</u>**

**ПРВА СЕСИЈА (сала број 2, 12.00 – 13.30)**

*Модератор: проф. д-р Димитар Љоровски – Вамваковски*

1. Академик Ѓорги Поп-Атанасов, МАНУ, *Ракописите и записите на кратовско-штипскиот митрополит Михаил*.

*2.* Проф. д-р Оливер Цацков, Институт за историја и археологија при Факултет за образовни науки УГД Штип, *Лесновскиот манастир -центар на кратовско-лесновскста книжевна школа.*

*3.* Проф д-р Ванчо Ѓорѓиев, Филозофски Факултет, УКИМ, *Дали Георги е официјално службено име на Гоце Делчев?*

*4.* Проф. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, УГД-Штип, *Модели на градење на нациите и национализмите на Балканот.*

*5.* Проф. д-р Верица Јосимовска, Институт за историја и археологија при Факултет за образовни науки УГД Штип, *Добротворната улога на македонските емигрантски организации.*

6. Александра Митева, *Букурешки мировен договор*.

*13.15 – 13.30 Дискусија*

**13.30 – 13.45 пауза**

**ВТОРА СЕСИЈА (сала број 2, 13.45 – 15.15)**

*Модератор: Проф. д-р Тон Филипоски*

*1.* Проф. д-р Наде Проева, *Македонија, како цивилизациска одредница, во очите на ЕУ-бирократите*

2. Проф. д-р Тодор Чепреганов, *Македонскиот идентитет во британската и американската дипломатска кореспонденција*.

3. м-р Анастасија Лазаровска Ампова, *Македонското прашање во италијанската надворешна политика во периодот помеѓу двете светски војни*.

4. Проф. д-р Димитар Љоровски Вамваковски, ИНИ и д-р Донче Тасев, *„Македонското прашање“ во вителот на балканската политика: рефлексии на интервјуто на Блаже Конески во грчкиот весник „то вима“ од 1962 година, (по повод 30 години од смртта на Блаже Конески).*

5. Проф. д-р Трајче Стојанов, Факултет за образовни науки при УГД – Штип, *Русија, Кина и Балканот: Македонија во контекст на новите геополитички текови*

*15.00 – 15.15 Дискусија*

**15.15 – 15.30 пауза**

**ТРЕТА СЕСИЈА (сала бр. 2, 15.30 – 17.00)**

*Модератор: проф. д-р Страшко Стојановски*

*1.* Проф. д-р, Ѓорѓи Чакарјаневски, *Боро Џони, еден пример за суровоста на бугарските наци-фашистички “администратори”.*

2. м-р Стефан Петрушев, ИНИ, *Евреите и останатите етнички заедници и антисемитските појави во Штип во периодот помеѓу 1919 и 1943 година.*

3. Стефан Манов, *Коста Рацин – дете на македонскиот XX век.*

д-р Јован Јоновски, Македонско грбословно друштво, *Преглед на одликувањата на Република Македонија.*

4. Проф. д-р Мишко Нетков, Нови технологии, нови образовно-наставни програми и училишни помагала.

*16.45 – 17.00 Дискусија*

***17.00 Официјално затворање на конференцијата***

**ПРВА СЕСИЈА (Сала број 1, 12.00 – 13.30)**

***Вера Битракова- Грозданова***

Македонска академија на науките и уметностите

**За епиклезите на богот Ѕевс во Горна Македонија**

Врховното божество на Пантеонот кај старите Хелени, богот на светлоста, без козмичка вредност, широко е прифаќано кај бојните народи на периферијата на античкиот свет. На територијата на Горна Македонија, како географски појам во антиката, се издвојуваат три посебни појави на почитување кои се потврдуваат преку епиграфските споменици и преку култните претстави на скулптурата, релјефите, монетите. За тие, најчесто визуелни појави, ќе се бара потеклото, извориштето како и влијанието на локалната автохтона заедница, врзани за територијата на Пајонија, Македонија, па дури и на Дасаретија. Тоа се епиклезите на Зевс: Хипсистос, Диос, Амон. Доказот припаѓа на археологијата.

***Илинка Атанасова***

НУ Археолошки музеј на Македонија-Скопје,

**Жртвеници и ритуални масички од Спанчево, материјал, технологија, функција и контекст**

Почетоците на V милениум пр.н.е., го одбележуваат постепеното напуштање на неолитските рамничарски населби и формирање нови, на повисоки и подоминантни позиции. Во истиот период започнуваат новитети и во керамичкото производство. Графитно сликаната керамика е широко распространета во раниот енеолит, додека разновидните култни предмети од типот на: ритуални масички, жртвеници, модели на куќи и печки, антропоморфна и зооморфна пластика и други предмети со култен предзнак заземаат посебно место во откриениот инвентар. Предметите со култен предзнак сведочат за духовното богатство и митолошкиот свет во кој се почитувани божествата на енеолитското население.

Секој допринос кој води кон нови сознанија за духовниот живот на првобитните популации е од исклучително значење при формирањето на генералната слика за нивните верувања и желби, преку вербата во својата моќ да ги контролираат природните појави.

***Клучни зборови:*** *ритуални масички, жртвеници, енеолит, антропоморфна и зооморфна пластика.*

***Љубен Тевдовски***

Институт за историја и археологија, ФОН, Универзитет Гоце Делчев - Штип

**Европските сојузници на Троја и лиминалната зона на идентитетот на архајска и класична Грција**

**The European Allies of Troy and the liminal zones of identity in Archaic and Classical Greece**

Илијадата и раната класична литература поврзана со или надоградувана врз наративите на Тројанската војна претставувале инспирација за конструирање, реконструирање и рекогносцирање на идентитетите во античка Грција, античкиот Медитеран и ширум светот со милениуми.

Речиси сите значајни истражувања на класичната епоха во модерноста започнувале со оваа уникатна митско-епска конфронтација. За нејзиното датирање, структура и содржина се дебатирало долго, а веројатно уште долго ќе се анализира. Сепак, истражувачите се во огромно мнозинство сигурни во едно нешто. Илијадата ни открива важни елементи на историското, етнолошкото, религио зното, културното и материјалното наследство врз кое се создавал класичниот свет, најмалку еден век пред да чуеме за него низ призмата на таткото на историјата, Херодот.

Класицистичката и евроцентрична научна традиција неретко го форматирала стереотипно ова дело, во рамките на епохалниот, „повторлив“ и „неизбежен“ судир помеѓу Истокот и Западот, или помеѓу митските предци на Европјаните, Грците, и варварските народи на Ориентот. Сепак, ова значајно дело крие во себе многу покомплексен мозаик од елементи на религиозното, културното, материјалното и идентитетското, од она што неретко било употребено или злоупотребено за потребите на модерните идентитети и себелегитимирање.

Во рамките на современите научни парадигми за повеќеслојната, трансформативна и неретко латентна природа на идентитетите, во антиката и сегашноста, наративите на Илијадата ги надминуваат стереотипите на деветнаесетвековната Источно-западна дихотомија, говорејќи ни за процеси на постојано преосмислување и преосознавање. Токму по ваква патека трга и овој труд. Анализирајќи ги европските сојузници на Троја, тој суштински ја

дисторзира традиционално вертикализираната оска на оваа митологизирана конфронтација. Спротивно од традиционалниот пристап, анализите на овој труд преку европските сојузници на Троја, како и нивните идентитетски латентни соседи, прават суштинска реконструкција на изградбата на идентитетите во архајската и класичната епоха.

Трудот исцртува нови или преоткриени физички, геополитички, религиозни, културни и, пред сѐ, идентитетски граници на античкиот свет кои се флексибилни, меѓусебно поврзани во постојан дијалог и постојано преосмислувани за потребите на локалните и регионалните елити.

Најпосле, преку современите теории за идентитетите и културните трансформации, тој исцртува нови комплексни линии на географските и идеолошките зони на лиминалноста на идентитетите на архајскиот и класичниот свет.

***Клучни зборови:*** *Илијада, сојузници на Троја, класична Грција, лиминалност, идентитети.*

***Јулијана Иванова***

Локален археолошки и историски музеј „Теракота“ - Виница

**Накит од железното време во Виничко**

Со археолошките истражувања на железновременските локалитетити во Виничкиот крај кои се вршени во периодот од 1980/81 год. до 2022 год., се откриени поголем број примероци на метални и керамички предмети. Металните наоди во најголем дел се откриени во гробовите на некрополите: Кршлански гумења, Коколов рид и Русалински гробишта во атарот на селото Виничка Кршла. Уште неколку метални наоди, но во помал број се регистирани и на други локалитети во општината. Од посебно значење се примероците накит од бронза кој се состои од типот на: фибули, белегзии, прстења, амулети, накит за врат и др. Најраните примероци се датирани од периодот на полното или развиено железно време ( VIII-VII век пр.н.е.), а останатите од периодот на VI-V пр.н.е. Откриени се во гробовите од тумуларните и рамни некрополи со погребување во камени цисти. Разновидноста на формите со нивните локални карактеристики укажуваат на значајни манифестации во рамките на материјалната култура и особеностите на железното време во регионот, кој припаѓа на територијата на средното течение на реката Брегалница. Со оглед на нивното културно и хронолошко

значење за регионот сметаме дека е потребно да им се посвети посебно внимание.

***Клучни зборови**: накит, железно време, фибули, Коколов рид.*

***Благица Стојанова, м-р Јовица Илиев***

Локален археолошки и историски музеј „Теракота " - Виница

**Некрополата Русалински гробишта кај село Виничка Кршла**

Во овој труд ќе бидат презентирани резултатите добиени од археолошките истражувања на локалитетот Русалински гробишта. Некрополата е со два хоризонти на погребување, под тумули и рамна некропола, гробови – цисти, градени од камени плочи, од кои целосно се истражени 12 цисти и 3 тумул. Некропола била користена подолг временски период, каде најстарите погребувања се содржани во тумул III и тумул I, кои според гробните форми и прилози можат да се датираат во раното железно време. Од друга страна, помладите погребувања биле вршени во гробови цисти, градени од камени плочи, и биле користени од VI до III век п.н.е.. Меѓу поинтересните наоди кои се откриени при истражувањето на некрополата се: сребрени обетки, умбо, меч, фибули и керамички садови.

***Клучни зборови**: цисти, тумул, некропола, меч, умбо.*

***Васил Ѓоргиев-Ликин***

Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Струмица

**Прилог кон убикацијата на античкиот град Добер**

Во прилогот, врз основа на податоците кои можат да се исцрпат од историската карта на Сигмунд Јаков Баумгартнер од 1748 година, насловена како: „Карта на античка Македонија, Тесалија и Епир (картографски документи)", правиме обид за актуализација на научната дебата поврзана со убикацијата на древниот и старохристијански македонски град Добер. Во врска со местоположбата на Добер се искажале повеќе мислења поткрепувани со можни аргументи. Некои истражувачи сметаат дека Добер треба да се идентификува со средновековна Струмица, други го лоцираат подалеку од Струмица или во нејзина близина и сл. Градот Добер, првпат го споменува

историчарот Тукидит во врска со навлегувањето на одрискиот крал Ситалк во Македонија, во 429 година пр.н.е. Добер бил центар на античкото македонско-пајонско племе Добери. Неговата геостратешка позиционираност му овозможила административна, воено-политичка, економска, духовна и културна важност. Засега нема податоци кога овој град бил разрушен . Се знае само тоа дека во средниот век не постоел град со име Добер.

*Душко Темелкоски*

НУ Завод за заштита на спомениците на култура и музеј Прилеп

**Пелагонија – тромеѓе на Пајонија, Македонија и Илирија**

Плодородната Пелагонија овозможила поволни услови за рано населбинско користење уште во неолитот, со континуитет во следните праисториски периоди. Воспоставена е теоријата за Бригите како заеднички етнички корен на трите етникуми кои се формираат во доцноархајско време во котлината, Линкестите, Дериопите и Пелагонците.

Енигматична е нивната поврзаност со соседните моќни соседи, пред сѐ, затоа што населувале простор кој претставувал природен граничен тромеѓен појас меѓу нив. За Линкестите се претпоставува дека биле најсеверен сегмент на македонската заедница, додека за Дериопите и Пелагонците има разидување во размислувања околу припадноста кон Пајонија или Илирија.

Мошне индикативно е што нема ниту еден податок кој би укажал на било каков воен судир меѓу трите етноси. Можеби меморијалното чувство за ран заеднички корен на потекло одржал соживот и заедничко споделување на благодетите на котлината. Блиските аналогии на откриените наоди со археолошките истражувања, упатуваат на одреден степен на влијание на Пајонија, Македонија и Илирија.

**ВТОРА СЕСИЈА (сала број 2, 13.45 – 15.15)**

*Снежана Филипова*

Историја на уметноста и археологија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методи“ - Скопје

**Реликвијари во облик на маска на женски светици**

**Reliquaries in the shape of human mask of female saints**

Humans make masks since most Ancient times. Earliest use of masks was for rituals and ceremonies, and the oldest found mask is from 7000 BC found in Palestine in 2018. The masks were a way to express or cover image (identity), feelings, change voice, or dramatize. In Latin, one of the words for mask is persona, which meant 'something through which sound passes'. Persona was already being used to describe the 'part' or 'character that one sustains in the world', the role or roles we play in society.

The practice of painting the face of the departed on the mummy (and later the famous Fayum portraits) are the notable examples from the early first millennium. Life size masks of gold and bronze were created across Europe in the course of the 1 millennium BC, and the practice of placing funeral masks on the deceased face was particularly common in Ancient Macedonia of the 6$^{th}$ and 5$^{th}$ Cs B.C. Golden masks or golden foliage covering the eyes, and mouth have been found in Trebenište near Ohrid, Beranci near Prilep, Gorna Porta in Ohrid, Sindos near Thessalonica, Pella (37) and other sites in Macedonia and Halkidiki. among the Celts the human head was venerated above all else, since the head was to the Celt the soul, center of emotions as well as of life itself, a symbol of divinity and the powers of the other world (according to Paul Jacobsthal, *Early Celtic Art*, Oxford 1944).[1] The last or youngest cult Celtic mask (5th/4$^{th}$ C. B.C.), is today in Burgsmuseum in Deutschlandsberg, Austria. Guštin mentions the traditions to use face masks as funeral masks to symbolically depict the deceased or in cult practice to symbolically depict heroes or gods. And the last usage is actually the closest to the saint head reliquaries. The head reliquaries are rarely individual portraits, they are usually idealized head of a person that due to its merits and values shall be gilded or made of gold, glass and precious stones and pearls to express their holiness and purity. This idealization reminds us of the qualities of the old Hellenes and Ancient Macedonians style' art and was continued by the Romans who introduced the real portrait in the 2$^{nd}$

[1] https://balkancelts.wordpress.com/2013/07/01/the-archaeology-of-heads/

century B.C. Within the existing shapes of relic containers, the form of female human mask is preserved in N. Macedonia in two cases: one representing Holy Matrona of Perge, coming from St. Perivleptos church, Ohrid, and the other St. Spasica Višneska, local female from village Višni, Struga being harassed by the Turks who has hidden and spent her life in a nearby cave).

In the Museum of National History in Sofia, is the Holy Matrona from Constantinople reliquary box taken from Ohrid during the Balkan wars. She was a historical figure who lived in the late 5th/early 6th Cs, and also a Byzantine female saint who has dressed in male clothing, so her cult combines both male and female aspect.

***Александра Николоска***

Истражувачки центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ - Македонска академија на науките и уметностите

**Почесни римски статуи од Стоби**

Во рамките на скулптуралното културно наследство од Стоби, посебно место заземаат почесните статуи изработени во периодот од I до III век н.е., чувани и изложени во НУ Стоби, Археолошкиот музеј на РС Македонија, но и во Народниот музеј во Белград. Ќе бидат презентирани статуи од типот на Мала и Голема Херкуланка, Химатиофор, Тогатус, како и една Оклопна статуа. Покрај презентацијата на спомениците, акцент ќе биде ставен на попрецизно одредување на типологијата, како и на нивно датирање преку анализа на аналоген материјал од земјава и од поширокиот регион.

***Клучни зборови****: почесни статуи, римски период, Стоби, анализа, типологија, датирање.*

***Бошко Ангеловски, Магдалена Манаскова, Благица Стојанова, Јулијана Иванова***

**Погребувања со кремација од археолошкиот локалитет Гробана – Виница**

Во текот на археолошките истражувања во 2009 и 2010 година, на локалитетот Гробана во близина на градот Виница, во рамките на Тумул I, беа

откриени неколку римски погребувања со кремација. Според гробните конструкции може да се идентификуваат четири типа на гробови. Во северозападниот дел на тумулот, на поголема површина е пронајден дебел слој на горење што упатува дека кремациите биле на устрина. Од археолошкиот материјал, карактеристични се рачно изработените керамички садови со кои се збогатува сликата на овој тип на некрополи кои територијално ги следиме во правец север-југ долж границата на нашата земја. Керамичките садови може да се интерпретираат како потреба на локалното население да го задржи својот културен идентитет за време на процесот на романизација во овие конзервативни области. Според нумизматичкиот материјал, некрополата може да се датира од II – IV век од нашата ера.

*Svetla Petrova-Dineva, Anton Kovachev*

Archaeological Museum, Sandanski

**Particopolis – the early Christian episcopal center in the middle Struma valley**

The historical geography of the Middle Struma region is connected with the Sintika strategy, mentioned by Claudius Ptolemy; and the three cities mentioned in it – Tristolos, Paroikopolis/Partikopolis and Heracleia Sintika. After Claudius Ptolemy there is no information about Tristolos. From the 4$^{th}$ century onwards, the most famous bishopric in the Middle Struma valley was Partikopolis. Two bishops are known from here – Jonah, a participant in the Council of Serdica and Johan – from a mosaic construction inscription, whose representative the presbyter Cyril was a participant in the Fourth Ecumenical Council in Chalcedon. One can also assume the name of another possible bishop – Antimus, known to us as the founder of the construction of the largest, the Cathedral Basilica of the early Christian city (Basilica 4, Episcopal).

It is evident from the construction of the many basilicas in the fortified part of the city that the bishopric of Partikopolis enjoyed the favor of the vicar of the Roman Pope in Thessaloniki. The fully or partially investigated 10 basilicas with different functions show us rich architectural decoration, polychrome mosaic floors and different plans, influenced by the liturgy in the western and eastern parts of the Empire – from Rome and from Constantinople.

***Душко Цветанов, Симона Јованова, Трајче Нацев***

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица и Универзитет Гоце Делчев – Штип

**Рановизантиска набљудителна (стражарска) кула „Пирго-Каљ'ната" с. Мокриево – Струмичко**

За првпат, во 2011 - 2012 година, беа извршени археолошки истражувања на локалитетот „Пирго-Каљ'ната ", кој се наоѓа југоисточно од селото Мокриево (Струмичко) коешто лежи во подножјето на планината Беласица.Станува збор за фортификационен објект – кула, која според начинот на градење, била изградена во доцната антика како фрурион, т.е. набљудувачница која го обезбедувала патниот правец Струмица - Сер. Ваквите доцноантички / рановизантиски тврдини кои лежеле покрај значајни патни правци и премини, биле делумно обновувани и ставани во функција и во средниот век. Сметаме дека оваа кула во с. Мокриево била употребувана од страна на Самуил и, најверојатно, тоа е тврдината Мацукион (Ματζούκιον) која ја споменува хроничарот Јован Скилица во походот на Василиј II, во 1014 година.Во 2023 година, од страна на НУ Завод и музеј Струмица се изготви проект за конзервација на оваа кула. Со реализација на овој проект ќе добиеме уште еден споменик на културата кој ќе биде презентиран пред пошироката јавност, поврзан со историските случувања во овој дел на Македонија, како во времето на доцната антика така и во времето на Самоиловите војни и средновековието.

***Веселин Хаджиангелов***

**Десет години от съживяването на археологически обект „Цари Мали град" при с. Белчин**

Археологическите проучвания на хълма „Св. Спас" при село Белчин, Самоковско стартираха през есента на 2006 г. Инициатор на разкопките е фондация „Възраждане на Белчин". В периода 2007-2012 г. са проучени 90 % от крепостта при които е открита цялата фортификационна система, проучени са 13 сгради вътре в крепостта. Установени са периодите на функциониране, както и етапите на преустройство от военна крепост с дървена крепостна стена до изграждането на каменната крепост. Функционирането и се затваря в хронологичните граници – от края на III до края на VI в. Интересен факт е откриването на култови практики и функциониране на ямно светилище от къснобронзовата и желязната епоха. На едно място са проследени култовите

практики: от ямно светилище (желязна епоха), езически храм от края на III в. върху който се появява раннохристиянска църква от 60-те години на IV в., преустройка на раннохристиянска базилика с баптистерий и мартириум от VI в., върху останките на които във втората половина на XVI в. е изградена средновековна църква. До руините и през XIX в. е функционирал оброк , посветен на „Св. Спас“ (Възнесение Христово). Тези археологически данни натрупвания дадоха основание да се започне изработването на проект за консервация, реставрация и експониране на това многовековно културно наследство. Екип от архитекти, ръководен от арх. Чавдар Георгиев и консултант арх. Юлий Фърков, изработиха проект при който да бъдат експонирани всички исторически етапи от живота на крепостта. Този проект бе подарен на Община Самоков, която кандидатства като бенефициент в оперативна програма за развитие и експониране на културни обекти, финансирана от Европейския съюз. В този проект са включени: консервирането и реставрирането на Източната, Южната и Северна крепостни стени, консервация и реставрация на култовите сгради от раннохристиянския период и пълна реставрация на средновековната църква „Възнесение Христово“. Консервирани на място са и три сгради от вътрешността на крепостта- хореум, жилищна сграда и част от казармена сграда в югозападния ъгъл на крепостта. Предвидено бе изграждане на туристическа инфраструктура: информационни табла, посетителски пътеки, експозиции с оригинални находки от археологическите проучвания, изградени в адаптираните за експозиции северни кули - № 1 и № 2. Интересен момент от експонирането бе откриването на паднала от земетресение фасадна стена на кула № 2 и части от Северната крепостна стена. Те дадоха изцяло визията и големината на кулите и позволиха на принципа анастилоза да бъдат реконструирани изцяло до покрив. В адаптираните за експозиции кули са показани 700 оригинални артефакта от разкопките. Тази мащабна реставрация превърна крепостта „Цари Мали град“ в предпочитан туристически обект. В продължение на десет години той целогодишно приема потоци от посетители, които до момента са около един милион и осемстотин хиляди души. Във връзка с десетгодишнината от откриването на обекта фондация „Възраждане на Белчин“ финансира и реализира през тази година консервация и на западната крепостна стена. Работата бе ръководена от проф. д-р Трайче Нацев от Университет „Гоце Делчев“ в Щип. Благодарение на това крепостта доби напълно завършен вид.

Остава истинското предизвикателство да поддържаме интереса на посетителите с разнообразни културни събития и изложби. Организирането на различни по съдържание културни изяви на открито са предпочитани от любителите на културното наследство и природната среда.

Моделът за колаборация между частните интереси и обществената полза е работещ и устойчив.

*Трајче Нацев, Емил Сламков, Душко Цветанов*

**Пропигнејум - префурниуми и фурниуми кај римските, доцноантичките и средновековни бањи во Р Македонија**

Пропигнејум – префурниум, преставуваат помошни простории на бањите, во кој се чувало огревното дрво за затоплување на бањите. Исто така, кај поедини префурниуми се пронајдени и други архитектонски содржини. На територијата на Р Македонија, кај поголем број од откриените римски, доцноантички и средновековни бањи најдени се пропигнејуми – префурниуми, сите со исклучително мали димензии, со исклучок на префурниумот кај големата бања на археолошкиот локалитет Баргала.

Фурниумите, претставуваат составен дел на хипокаустичниот систем на бањите. Секогаш се сместени на крајот на објектот во мал простор со правоаголна или квадратна форма. Во нив се сместени ложиштата за затоплување на водата, хипокаустот и просториите на бањите (калдариум, лаконикум и тепидариум) кој се ложени од пропигнејумот. Големината и бројот на фурниумите зависи од големината на бањата, односно од просторот кој треба да биде загреан. Фурниумите се откриени кај сите досега откриени бањи во Р Македонија.

Во трудот, ке бидат обработени сите откриени пропигнејуми – префурниуми и фурниуми во Р Македонија, со обид за типологија врз основа на досегашните откриени фурниуми.

***Клучни зборови:*** пропигнејум, префурниум, фурниум, ложиште, бањи, сводови.

## ТРЕТА СЕСИЈА (сала број 2, 15.30 – 17.00)

***Алексей М. Пентковский***

Институт русского языка Московская духовная академия, Российская академия наук

### Славянская епископия на Брегальнице в начало X в.

Славянские епископии занимают особое место в истории церковных организаций на территории Северной Македонии. Первая славянская епископия была создана в 893 г. в составе церковной организации I Болгарского царства, и во главе ее находился еп. Климент Охридский. Существенным отличием славянской этнической епископии было использование славянского языка в качестве литургического, тогда как в территориальных епархиях литургическим языком был греческий. Расширение I Болгарского царства в 904 г. вследствие присоединения территорий на западе Византийской империи, заселенных славянами, и установление новой границы с Империей в непосредственной близости от Солуни, привело к созданию новой славянской епископии, во главе которой находился еп. Климент.

Судя по всему, центр этой епископии находился в долине р. Брегальница.

Характерной особенностью первых славянских епископий и их литургической традиции было было особое почитание арх. Михаила. Церкви и монастыри, посвященные арх. Михаилу, в т.ч. монастырь свт. Климента и монастырь прп. Наума, находились в Охридско-Преспанском регионе. Ранняя и устойчивая традиция посвящения церквей арх. Михаилу существовала и в долине р. Брегальница. Судя по всему, именно с деятельностью этой славянской епископии связано зафиксированное в «Солунской легенде» и в «Успении Кирилла» средневековое предание о некоем Константине, который проповедовал славянам в долине р. Брегальница и использовал славянские книги.

*Тони Филипоски*

Институт за историја, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје

**Скупи и околината во контекст на продорите и населувањето на Словените во Македонија (VI-VII век)**

Поврзаноста меѓу прекинот на циркулацијата на монетите на Балканот и словенското распространување по нападот и опсадата на Солун во есента, 586 год., е одамна забележана во науката. Според нумизматичките наоди, Скупи се вбројува меѓу јужнобалканските градови и области во кои за време на византискиот император Маврикиј циркулацијата на монети прекинала. Тоа, пак, е главниот индикатор при одредувањето на времето на ликвидирање на византиската власт. Анализата на пронајдените монетни наоди упатува на претпоставка дека најголем дел од тврдините и населбите во Скопската Котлина, бележат прекин во својот развој за време владеењето на императорот Јустин II. Монетната циркулација била најинтензивна на локалитетот Маркови Кули - тврдина лоцирана на источниот дел на планината Водно со извонредна стратегиска позиција. Опсежните археолошки истражувања сугерираат дека по краткотрајното присуство на Словените, настапил кус период на обновена византиска власт. Сепак, не е познато дали ваквата обнова имала пошироки размери.

Во какви околности е ликвидирана византиската власт во Скупи? Дали како последица на некој одлучувачки продор? На поставените прашања засега е тешко да се понуди задоволителен одговор, но се чини дека споменатиот словено-аварски напад на Солун од 586 г., имал одредено влијание врз тој процес. Земјотресот (518 г.), епидемиите и зачестените варварски продори, веројатно предизвикале значителна депопулација на градот која ги ослабнала неговите одбранбени капацитети. Сето тоа создало поволни околности за прекинување на византиската власт, а потоа и словенско населување. Од друга страна, географската положба на Скупи и Скопската Котлина, каде минувала важната патна комуникација по Моравско-вардарската Долина, подразбирала изложеност за варварските продори. Но, истовремено, споменатиот патен правец на жителите на Скупи им го олеснувал постепеното напуштање на градот. За време на настаните од околу 618 г., на кои се задржавме претходно, бегалци од провинцијата Дарданија - чие седиште било Скупи - наоѓале засолниште во Солун.

Во поново време се прават обиди за ревидирање на распространетото мислење во науката дека кон крајот на VI и почетокот на VII век дошло до масовно и целосно словенско населување на просторот на Македонија. Ретките

монетни наоди од времето на императорите Фока и Ираклиј, пронајдени како во Скопско така и во други делови на Северна Македонија, упатуваат на тамошно византиско влијание и присуство. Се чини дека византиското присуство било целосно истиснато дури во 30-тите години на VII век. Но, самото тоа не подразбира дека токму тогаш Словените масовно ја населиле Скопската Котлина. Прашањата за интензитетот и хронологијата на словенското населување остануваат отворени.


***Стојко Стојков***

Институт за историја и археологија, Факултет за образовни науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип


**Анализа на хипотезата за постоење на континуирана / константна, алтернативна империјална заедница на Балканот (X – XIV в.)**


Како дел од силното влијание од империјата на Новиот Рим, на Балканот е видна појавата на обиди за создавање држави по византиски урнек, вклучително на алтернативни империјални структури, чии лидери или се стремат да достигнат до единствената вистинска царска титула – византиската, или поради невозможност - создаваат своја верзија на империјата во териториите што ги контролирале.

Основната алтернативна империјална реплика се јавува кај бугарските царства на Балканот. Паралелно на етничката интерпретација на бугарските царства, во науката постои нивна интерпретација како мултиетничка и надетничка империјална заедница. Оваа статија ја истражува таквата интерпретација и се обидува да даде одговор на прашањата дали постоела таква заедница, дали постоела во целиот период, дали е една или се во прашање неколку.



***Клучни зборови:*** *Империја, царство, бугарски царства, ethnie, империјална заедница, мултиетничка, надетничка.*

***Сашо Цветковски***

Истражувачки центар за културно наследство „Цветан Грозданов“, Македонска академија на науките и уметностите

**Претставите на персиските маченици св. Савел, св. Мануил и св. Исмаил во фрескоживописот на манастирот „Трескавец“**

Во текстот се проучуваат сликаните претстави на персиските маченици, во контекст на сликаната програма на фрескоживописот од XIV век, во северниот брод на католиконот на манастирот „Трескавец“. Нагласени се поврзаноста и заедничкото сликање со трите еврејски момчиња: св. Ананија, св. Азарија и св. Мисаил, како и со претставите на светите воини што, несомнено, придонело и тие да добијат војнички обележја и атрибути со кои нивните претстави во манастирот „Трескавец“ се издвојуваат како единствени во средновековната уметност создавана во рамките на Охридската архиепископија.

***Иван Нацевски***

Македонско грбословно друштво

**Александар Македонски во европската хералдика**

Од сите историски личности кои ги дала Македонија, Александар Македонски со сигурност е најзначаен од хералдичка гледна точка. Ова се должи на неговата популарност во средновековна Европа, која произлегла од широката распространетост на дела за неговиот живот познати како *александриди*. Станува збор за витешки романи кои се појавиле во X век, а веќе кон крајот на XIII биле надополнети со графички прикази со хералдички содржини. Дополнително, популарноста на Александар ќе се зголеми со појавата на делото Voeux du Paon од Jacques de Longuyon во кое ќе биде воспоставена поредицата на Деветте достоинствени. Овој концепт ќе биде широко распространет во хералдичката пракса на средновековна Европа.

Трудот ја разгледува појавата на припишаниот грб на Александар во европската хералдика, дава опис на различните блазонски групи и бара врска меѓу нив и земјите во кои тие се најчесто застапени. Воедно се бара врската меѓу грбот на Александар и грбот на Македонија од европските извори.

*Христијан Цветковски*

Институт за национална историја - Скопје

**Прилог кон проучувањето на баштината и раната историја на Кастриотите во Западна Македонија**

Во текстот, низ анализа на историските извори и записи се прави обид за убикација на баштината и владенијата на Кастриотите во пределите на Западна Македонија околу Дебар и Горна Река. Посебно внимание се посветува на ктиторската дејност на Иван Кастриот во однос на црквата на Богородица во селото Ростуше од 1426 г., на имотите и селата кои ги приложува на црквата и манастирот Хиландар во Света Гора Атонска. Се следи наследството на Кастриотите во подоцнежната историја и традицијата на овие предели од XVI и XVII век, низ записите во средновековните ракописи.

**ПРВА СЕСИЈА (сала број 2, 12.00 – 13.30)**

*Ѓорги Поп-Атанасов*

Македонска академија на науките и уметностите

**Ракописите и записите на кратовско-штипскиот митрополит Михаил**

Кратовско-штипскиот митрополит Михаил се вбројува меѓу најзначајните македонски црковни дејци од 17 век. Познат е по своето книгољубие и грижа за старите книги што се наоѓале во црквите и манастирите на неговата епархија. Освен тоа, имал и сопствена збирка со ракописни и старопечатени црковни книги. Во нив, како и во стари црковни книги што ги читал и проучувал, тој често оставал летописни белешки, во коишто регистрирал интересни податоци за својот живот и за времето во коешто живеел. Ракописни и старопечатени книги од неговата библиотека, како и други книги во коишто оставил свои записи, сега има во повеќе библиотеки и архиви во Русија, Бугарија, Света Гора и Македонија. Во статијава се прави осврт врз овие ракописни и старопечатени црковни книги и записите што митрополитот Михаил ги оставил во нив.

***Оливер Цацков***

Институт за историја и археологија, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип

**Лесновскиот манастир - центар на Кратовско-лесновскста книжевна школа**

Во текот на вековите, во црквите и манастирите се создавало такво богатство на културно-просветно, книжевно- историско наследство со кое македонскиот народ со право може да се гордее. Во трудот е опишана една од најрепрезентативните сакрални градби во периодот на средновековието, односно познатиот Злетовски манастир кој се одликува со живописен иконостас и складни архитектонски форми. Во темата, централно место е дадено на Кратовско-злетовската книжевна школа во која се препишувале содржини на преписи и преводи на словенски јазик, книги, поменици, евангелија и житија. Поради тоа, Злетовскиот манастир ќе стане еден од најпознатите културно-просветни центри. Ваквото богато културно -историско и просветно -духовно наследство никогаш не треба да биде заборавено бидејќи е вградено во нашата сегашност и иднина.

***Клучни зборови****: книжевна школа, манастир, Злетово, центар.*

***Ванчо Ѓорѓиев***

Институтот за историја, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методи“ - Скопје

**Дали Георги е официјално службено име на Гоце Делчев?**

Во нашиов прилог врз основа на постојните службени списи и другата изворна документација, го разгледуваме прашањето за официјалното службено име на Гоце Делчев. Во историографијата којашто се занимава со ликот и делото на Делчев, како негово официјално службено име доминира именската форма Георги. Меѓутоа, историската наука засега не располага со релевантен институционален документ преку кој недвосмислено може да се утврди именската форма на личното службено име на Делчев. Од друга страна, самиот Делчев никогаш не се потпишал како Георги, туку покрај галовната именска форма Гоце и псевдонимот Ахил, за означување на своето лично практикува поинаква именска форма за која ќе стане збор во прилогот. Оттука го поставуваме и прашањето дали Георги, всушност, е официјално службено име на Гоце Делчев?

***Страшко Стојановски***

Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип

**Модели на градење на нациите и национализмите на Балканот**

Прашањето за градењето на балканските нации и национализми се поврзува со општите глобални трендови, временски детерминирано во 19 и почетокот на 20 век. Кога се зборува за институционалната и историска контекстуалност, нациите се формираат на териториите кои произлегуваат од двата империјални модели-Османлискиот и Австро-унгарскиот (пред 1867 Хабзбуршкиот). Нациите и национализмите настануваат како резултат на судирот, или подобро кажано синтетичноста на традиционалната империјална поставеност и новата индустриска идеологија како логички супституент на доминацијата на религијата во политичката мобилизација. Оттука, просветителството и, особено, романтицизмот ќе одиграат важна улога во она што многу историографии го нарекуваат „национално будење“.

Теоретските фундаменти и гледишта во проучувањата на нациите и национализмот, иако концептуално карактеристични за современата интелектуална мисла, се потполно аплиабилни за периодот на формирањето на сите балкански нации. Покрај неминовниот фактор на политичката контекстуалност и геополитичките позиционирања на големите сили и нивните несомнени влијанија, може да се лоцира и јасен автохтон елемент за секоја од балканските нации и нивните национализми. Од аспект на моделите на градење на нацијата, сегментирано, во фази, но и систематски преку институциите на верските и државните институции, може да се забележи присуството и на политичкиот, граѓански национализам, но и на оној кој се темели на органските културни карактеристики на етничката заедница. Во рамките на Османлискиот политички контекст, нациите поминуваат низ фазите на панправославие, панславизам и чист национализам. Спецификите се можни во примерот на градењето на грчката нација-држава и нациите кои се поврзани или произлегуваат од муслиманскиот идентитетски дискурс. Кај примерот на македонскиот протонационализам јасно се воочуваат претходноспоменатите етапи, со специфични карактерни особини во кои се забележува, прво, политичко и идентитетско произведување на терминот Македонија и македонски од средината на 19 век, второ, како резултат од реакцијата на балканските пропаганди, градење на посебно политичко чувство на припадност кон македонството, независно од останатите, пред сè, словенски држави и трето, преку делото на Мисирков, јасно проектирање на етничката природа на македонскиот национален идентитет. Се разбира, целосното оформување на

нацијата неминовно бара присуство на сопствен политички и национален ентитет, т.е. држава.

***Клучни зборови***: *Балкан, нации, национализам, култура, идентитет.*

***Верица Јосимовска***

Институт за историја и археологија, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип

**Добротворната улога на македонските емигрантски организации**

Социјално-политичките услови, војните, разорувањата, биле причина дел од македонското население да ја напушти својата родна грутка, барајќи го спасот во подобри услови за егзистенција и интелектуално и револуционерно поле на дејствување. Најголем дел од таа емиграција се нашла во Бугарија, организирана во братства, друштва, организации, најчесто групирани според местото од каде доаѓале, и која активно се вклучила во општествено-политичкиот и културен живот. Овие организации имале културна, просветна и добротворна активност, со задача за морално и материјално помагање на македонските емигранти и бегалци, истовремено служејќи ѝ на каузата на легалното ослободително движење и решавање на македонското прашање. Преку создавањето на добротворни фондови го поддржувале развојот на емиграцијата во сите сфери на јавниот живот или, пак, индивидуалниот развој на поединци, најчесто студенти и млади луѓе. Трудот ги опфаќа добротворните фондови на македонските братства и индивидуални фондации во периодот од крајот на 19 и првата половина на 20 век.

***Клучни зборови***: *македонска емиграција, братства, добротвори, добротворни фондации.*

***Александра Митева***

**Букурешки мировен договор**

Македонија, папокот на Европа, место на постојана средба на сегашноста и минатото, била отсекогаш привлечна за освојувачите особено за соседите.

Балкански војни, време кога се чувствуваше балканскиот барут меѓу „сојузниците“, време кога Македонија беше поделена. Овој труд зборува токму за Букурешт 1913г. и поделбата на Македонија од нејзините „браќа“. поделба извршена од оние кои продефилираа и беа пречекани како „ослободители“, а се претворија во окупатори. Во Букурешт е исткаен бодликавиот тепих по кој ќе гази Македонецот со години.

Читајќи го трудот и правејќи компарација со тоа што ни се случува денес, може лесно да се забележи дека истите актери и сега нè оспоруват и присвојуват, па се прашувам уште колку пати (овој пат) нашата историја ќе се најде под ножици и лепило со цел братски делби на сè што е македонско?!

***Клучни зборови**: букурешки мировен договор, балкански војни, поделба.*

## ВТОРА СЕСИЈА (сала број 2, 13.45 – 15.15)

***Тодор Чепреганов***

Институт за историја и археологија, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип

### Македонскиот идентитет во британската и американската дипломатска кореспонденција

Во прилогот ќе се осврнеме на британскиот интерес кон Македонија кој започнал во времето на Наполеоновите војни, продолжил во времето на Кримската војна, но поголема заинтересираност покажале во втората половина на XIX век и во времето на Сан-Стефанскиот и Берлинскиот договор. Од тој период македонското прашање постојано ќе биде присутно во британската дипломатска кореспонденција. Од друга страна, интересот на САД кон Македонија бил инцидентен. Интерес покажале во време на киднапирањето на Мис Елен Стоун, на Париската мировна конференција, како и во 1944 година кога испраќаат своја воена мисија на територијата на Македонија. Во овој контекст треба да се има предвид и фактот што САД, до 1917 година, ја практикуваа политиката на изолационизам, т.е. да не се мешаат во случувањата во Европа.

*Анастасија Лазаровска Ампова*

**Македонското прашање во италијанската надворешна политика во периодот помеѓу двете светски војни**

Во оваа статија ќе го разгледаме статусот на македонското прашање кое останало едно од нерешените прашања во новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, создадено со распадот на Австро-Унгарија по завршување на Првата светска војна. Посебен акцент ќе биде ставен на предлозите на Италија кои нејзините дипломати и претставници ги давале околу решавањето на македонското прашање, ставовите на Големите сили кои не ја поддржувале идејата за создавање на автономна или независна македонска држава и на македонското прашање се обидувале да му дадат туѓ немакедонски карактер и од национална и од државна гледна точка. Никако нема да бидат изоставени и ставовите на балканските држави кон македонското прашање кои оделе во правец на докажување на нивните наводни историски права кон Македонија. Ќе биде опфатена и дипломатската активност на ВМРО која, исто така, барала од Големите сили суштински да го разгледаат македонското прашање и да издејствуваат создавање на автономна или независна Македонија.

*Трајче Стојанов*

Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**Русија, Кина и Балканот: Македонија во контекст на новите геополитички текови**

Текстов треба да го испита местото и улогата на Македонија во контекст на новите геополитички околности. Појавата и подемот на новите светски сили и очигледните нови историски и геополитички текови, неминовно го наметнуваат прашањето за позиционирањето на малите држави во таквите нови геополитички контексти. Текстов има за задача да го истражи, првенствено, ставот и позицијата на двете големи светски сили Кина и Русија во однос на Балканот, вклучително и Македонија. За таа цел ќе бидат анализирани клучните документи од овие две држави, со фокус на нивната политика кон Балканот. Така, ќе ја анализираме Кинеската иницијатива „Појас и пат“ (Road and Belt Initiative) и другите официјални документи Народна Република Кина во однос на Европа и Балканот (China`s policy paper on EU и др.), како и Стратегијата за национална безбедност на Руската Федерација (Стратегия национальной

безопасности Российской Федерации). Од анализата на посочените документи и стратегиите во нив во однос на Балканот и Македонија, ќе се обидеме да извлечеме импликации релевантни за политиките на нашата земја.

***Клучни зборови**: Македонија, Кина, Русија, геополитика, Иницијатива Појас и пат, Стратегија за национална безбедност на РФ.*

**Наде Проева**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Македонија како цивилизациска одредница во очите на ЕУ-бирократите**

Прагматичниот сојуз ЕУ воспоставен првенствено од економски и геополитички причини, иако не е географски поим, лажно се претставува како Европа и си зема право да го негира, идентитетот - културниот, историски итн. , на една од најстарите цивилизации на Балканот – македонската. Нејзиниот цивилизациски лик од геополитички причини е неправедно негиран - антиката е вклучувана во хеленската, а најновата историја се прикажува како бугарска.

Именувајќи ја и вбројувајќи ја во (југо)западен Балкан, измислен геополитички термин, ЕУ-бирократите не ја прифаќаат Македонија како „европска“ иако името Европа најпрво (во времето на Хомер), се користело само за Балканот, поточно за областите северно од Хелада и јужно од Стара (Балкан) Планина, те. за Македонија и Тракија.

Судбината на Македонија низ историјата е определена од нејзината геостратешка положба – на крстопатот меѓу исток - Азија и северозапад – Европа, а со тоа и преносна алка на цивилизациските токови од Истокот - лулката на човечката цивилизација.

***Димитар Љоровски Вамваковски, Донче Тасев***

Институт за национална историја – Скопје

**„Македонското прашање“ во вителот на балканската политика: рефлексии на интервјуто на Блаже Конески во грчкиот весник „То Вима“ од 1962 година (по повод 30 години од смртта на Блаже Конески)**

Крајот на Втората светска војна, создавањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација и појавата на Студената војна на сцената повторно го вратиле т.н. „македонско прашање“. Новите политички, општествени и економски околности биле препознаени од страна на македонската политичка, интелектуална и национална елита. Таа, користејќи ги можностите што ја нудела државноста и институционалниот начин на делување, од една страна имала за цел да ги етаблира постулатите на новата нација-држава, а од друга страна да го постави и/или - доколку било можно - да го реши македонското национално прашање во соседните балкански држави. Развојот на настаните, посебно „македонското прашање“ во соседните држави, во многу зависело од дипломатските способности и маневрирања на балканските држави, вклучувајќи ја тука и Југославија, а во поширок контекст од превирањата на светската сцена предизвикани од Студената војна.

Оттука, во односи на релативна и на моменти крајна затегнатост на односите меѓу Грција и Југославија како последица на ѐе позачестеното поставување на прашањето за постоењето на македонско малцинство во рамките на грчката држава од југословенска страна, на 14 април 1962 година, дописникот од Белград на атинскиот весник „То Вима“ направил интервју со македонскиот книжевник, лингвист и академик Блаже Конески, кое во ова пригода за првпат ќе биде презентирано пред македонската научна јавност.

**ТРЕТА СЕСИЈА (сала бр. 2, 15.30 – 17.00)**

***Ѓорѓи Чакарјаневски***

Универзитет „св. Кирил и Методиј“-Скопје

**Боро Џони, еден пример за суровоста на бугарските наци-фашистички “администратори“.**

Во прилогот ќе се осврнеме на животот и делото на Борис Џонов-Џони, човек кој целиот свој живот го посвети на борбата за национална слобода и обединување на македонскиот народ за негова посреќна иднина.Неговото дело е од непроценливо значење за македонската историографија и за македонската книжевна историја со своите напишани дела кои ги посвети на македонскиот народ. Се пројави и како поет со 20-ина песни напишани на македонски јазик.Роден е во 1913 година, во Богданци, а за време на I св. војна се преселуваат во Гевгелија.На студиите во Загреб сам си ги обезбедува средствата

за живот и школување каде и активно се вклучува во студентското движење, во друштвото „Вардар“ и весникот „Наш весник“. За време на престојот во Загреб, Рацин живеел во станот на Џонов обезбедувајќи му притоа и парична помош за печатење на стихозбирката „Бели Мугри“.По априлската војна и повторната окупација на Македоинја овој пат од страна на наци-фашистичка Бугарија и Италија, започнува нов период од неговиот живот.Од 1942 год. е член на Комунистичката партија на Југославија. Новите окупатори или таканаречени “администратори“ знаејќи ја неговата наобразба, но не и комунистичка активност, му нудат да биде кмет на Богданци. И покрај тоа, што не сакал, ја прифатил, по партиска директивва и дејствувал како “крт“ пренесувајќи значајни информации на Организацијата на КП. Властите, незадоволни од работата на Џонов го менуваат од функцијата кмет. Се вработува во Обласниот суд во Струмица. Бројните активности кои ги развива и особено за формирањето на партизански одред, ќе доведат до зголемена активност на бугарската полиција. Во мај 1943 година, тој и неговото семејство ќе бидат уапсени. Џонов бил изолиран од останатите и безмилосно тепан. Во прилогот ги посочуваме исказите во детали на агентите кои сведочат за големата тортура која ја вршат врз него.

***Стефан Петрушев***

Институт за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје

**Евреите и останатите етнички заедници и антисемитските појави во Штип, во периодот помеѓу 1919 и 1943 година**

In this article we will look at the relationship between the Jews and other ethnic communities in Shtip as well as the penetration of the Bulgarian army into Macedonia, the establishment of the Bulgarian administrative apparatus and the implementation of the anti-Semitic legislation. Practically, although the Jews lived in a city with a mixed ethnic composition and had daily communication with other communities, they still acted in their micro environment and thus stood out from the environment. It was these differences that encouraged stereotypes and anti-Semitic phenomena in Shtip, because practically the relations between Jews on the one hand and Macedonians, Turks and Roma, on the other hand, can be defined as "both separately and together". In the section that will be dedicated to the deportation of the Jews, the cases of hiring people who were loyal to the Bulgarian authorities during the confiscation of Jewish property will be indicated.

***Стефан Манов***

Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

**Коста Рацин – дете на македонскиот XX век**

Коста Рацин бил еден од најголемите интелектуалци, поети, филозофи и борци за слобода на македонската историја. Низ неговиот краток животен пат, тој успеал да стане еден од челниците на КП во Македонија и го поведе својот народ кон борба за подобро утре, работејќи на револуционерен и културен план. Низ овој текст е прикажан накратко неговиот живот, како и неговите идеолошки убедувања и стремежи. Живеел пред своето време и низ неговата биографија се гледа колку биле големи вербата и желбата за македонска слобода. Рацин, наједноставно се опишува со една кратка негова фраза: *ќе победиме!*

**Клучни зборови:** Коста Рацин, Македонија, слобода, Бели Мугри, КПЈ.

***Јован Јоновски***

Македонско грбословно друштво

**Преглед на одликувањата на Република Македонија**

Одликувањата се симбол на една држава. Ордените и медалите, историски, се врзани со високите феудалци или црквата кои, сепак, се сметале за форма на државна власт. Иако првичните форми на одликувања во Македонија потекнуваат од револуционерниот период, првите одликувања користени во денешна Република Македонија се од Југославија.

Првото автентично одликување на СР Македонија е илинденската споменица од 1953 година како Републичко одликување. По осамостојувањето на југословенските републики, Хрватска и Словенија првите доделувања ги имаа уште во 1992 година, додека Република Македонија дури 13 години подоцна, иако првиот закон за одликувања беше донесен 1995 година. Патот до остварување на овие државни симболи беше макотрпен. И доделувањето на орденитe и медалите е крајно рестриктивен. Оваа статија ги обработува македонските одликувања во поширок контекст.

***Мишо Нетков***

Интернационален универзитет ЕУРОПА ПРИМА Скопје

**Нови технологии, нови образовно-наставни програми и училишни помагала**

Секое време си носи свои позитивни и негативни работи што имаат најдиректно влијание на нашиот секојдневен живот. Секако дека запознавањето со животот го започнуваме во најмалите години во семејната средина, во првите години во градинката, а запознавањето со повеќеслојноста на животот го продолжуваме позрело (насочено) и посериозно во училиштето. Какво време – таква настава, велат некои педагози, та не случајно затоа и современата денешна настава подразбира (сама по себеси) и користење на современи наставни средства и методи што придонесува да се мотивира имагинацијата на детето, и ќе му овозможи да ја изрази својата креативност (истовремено, подготвувајќи ја младата личност –ученикот, за утрешниот живот и предизвиците што ги носи тој ).

***Клучни зборови****: настава, методика, дигитални технологии, педагогија.*

Конференцијата се организира со финансиска поддршка на

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип